**УО бр. 02-193 /1** **Точка 24/3**

Во согласност со член 6 од Законот за Фондот за осигурување на депозити ("Службен весник на РМ", бр.63/2000, 29/2002, 43/2002, 49/2003, 81/2008, 158/2010, 43/2014, 15/2015, 153/2015 и 27/2016) и член 33, точка 2 од Статутот на Фондот за осигурување на депозити ("Службен весник на РМ" бр.46/2001, 68/2002, 31/2003, 69/2003, 69/2012, 102/2014 и 54/2015), Управниот одбор на Фондот на својата 24-та седница одржана на 18.08.2020 година донесе

# П Р А В И Л Н И К

# ЗА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПОЛИТИКА
# НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

## 1. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се уредува политиката на инвестирање на средствата на Фондот за осигурување на депозити (во понатамошниот текст: Фонд).

Член 2

Средствата на Фондот се формираат од основачкиот влог, наплата на премии од членките на Фондот и приходи од пласмани.

Член 3

Инструментите во кои може да инвестира Фондот се утврдени во член 6, став 2 од Законот за Фондот за осигурување на депозити (во понатамошниот текст: Законот), а тоа се:

1) хартии од вредност издадени од страна на Република Северна Македонија и од Народната банка на Република Северна Македонија со рок на пристигнување до дванаесет месеци од нивното стекнување од страна на Фондот (во понатамошниот текст: хартии од вредност) и

2) должнички хартии од вредност издадени од странски држави, централни банки или јавни меѓународни финансиски институции, рангирани од страна на најмалку две меѓународно признати агенции за оценка на кредитниот ризик во една од двете највисоки категории, во висина на осигурените депозити што гласат на странска валута.

Член 4

Со оваа политика се доуредува пласирањето на средствата на Фондот дефинирани во членот 6, став 2, точка 1 од Законот, односно во хартии од вредност издадени на домашниот пазар.

Пласманот на средствата од Фондот, наведен во точката 2 од членот 6 од Законот, ќе се извршува кога таа материја ќе се доуреди со соодветна законска регулатива за начинот и постапката на вршење на пласирањето во странски должнички хартии од вредност.

**2. Принципи на инвестирање**

Член 5

Средствата на Фондот се инвестираат во согласност со следните принципи:

1. сигурност на инвестираните средства,
2. одржување ликвидност за покривање на обврските на Фондот,
3. остварување добивка од инвестираните средства.

Член 6

Сигурноста на инвестирањето на средствата се обезбедува со купување на хартии од вредност издадени од Република Северна Македонија или од Народна банка на Република Северна Македонија со рок на доспевање до дванаесет месеци од нивното стекнување од страна на Фондот.

При инвестирањето на средствата треба да се има предвид потребата од одржување на тековната ликвидност на Фондот, како и потребата од одржување на ликвидност на Фондот во врска со член 9 од Законот, според кој Фондот започнува со обесштетувањето на осигурените депозити на депонентите - физички лица во рок од 20 дена од денот на конечноста на одлуката решението на гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија за укинување на дозволата за основање и работење на банка, филијала на странска банка или штедилница.

Со инвестирањето на средствата во хартии од вредност Фондот треба да оствари добивка според пазарните услови за купување на хартии од вредност. При тргување со хартии од вредност Фондот, издадени од страна на Министерството за финансии или Народна банка на Република Северна Македонија, не смее да се изложи на ризик заради постигнување на поголема добивка.

**3. Структура на инвестициите**

Член 7

Инвестиционото портфолио на Фондот се формира од следните хартии од вредност:

1. хартии од вредност, односно државни записи, издадени од страна на Република Северна Македонија, со рок на пристигнување до дванаесет месеци од нивното стекнување од страна на Фондот и
2. хартии од вредност издадени од страна на Народна банка на Република Северна Македонија, со рок на пристигнување до дванаесет месеци од нивното стекнување од страна на Фондот.

Член 8

Вкупниот износ на инвестиционото портфолио на Фондот од член 7 од овој Правилник не смее да надмине 99% од збирот на состојбата на вкупните парични средства, побарувања по основ на премии и состојбата на хартиите од вредност на Фондот на крајот на секој месец.

Под состојба на хартиите од вредност од ставот 1 од овој член се зема вредносното усогласување на државните записи во сметководствената евиденција на Фондот на крајот на секој месец.

Член 9

Фондот го формира инвестиционото портфолио од член 7 на овој Правилник, имајќи ја во предвид политиката за инвестирање во хартии од вредност со различна рочност на достасување на 3, 6 или 12 месеци, со цел да обезбеди соодветна структура на вкупните инвестирани средствата.

**4. Овластувања**

Член 10

Во инвестиционата активност на Фондот учествуваат: Управниот одбор на Фондот, директорот на Фондот и "Одбор за инвестирање", составен од три членови, вработени во Фондот.

Член 11

Управниот одбор на Фондот одлучува за следните работи:

1. Го овластува директорот на Фондот да донесува поединечни одлуки за учество на Фондот на примарниот и на секундарниот пазар на хартии од вредност
2. Го овластува директорот на Фондот да донесува поединечни одлуки за обезбедување на средства за исплата на осигурените депозити на

физички лица во врска со член 8 и член 8а од Законот за осигурување на депозити
3. Разгледува информации за состојбата на инвестиционото портфолио на Фондот.

Член 12

Директорот на Фондот ги има следните обврски:

1. Донесува одлука за формирање на “Одбор за инвестирање” од вработените лица во Фондот,
2. Донесува поединечни одлуки за учество на Фондот на примарниот и на секундарниот пазар на хартии од вредност, врз основа на овластување донесено од страна на Управниот одбор на Фондот,
3. Донесува поединечни одлуки за обезбедување на средства за исплата на осигурените депозити на физички лица во врска со член 8 и член 8а од Законот за осигурување на депозити врз основа на овластување донесено од страна на Управниот одбор на Фондот.
4. Донесува поединечни одлуки за избор на банка-посредник преку која Фондот ќе учествува на аукцијата на државни хартии од вредност, имајќи ги во предвид: висината на провизијата, куповната и продажната цена на секундарниот пазар и информација од НБРМ дали кон таа банка се преземени мерки за подобрување на состојбата на банката, согласно членот 133 од Законот за банките или е воведена администрација согласно членот 139 од Законот за банките.
5. Писмено го информира Управниот одбор на Фондот за состојбата на инвестиционото портфолио на Фондот и за добивките по тој основ, и тоа по истекот на секој квартал или по барање на Управниот одбор.

Член 13

“Одборот за инвестирање”, во согласност со директорот на Фондот, ги врши следните задачи:

1. прибира информации за аукциите на хартии од вредност објавени од Република Северна Македонија и од Народна банка на Република Северна Македонија.
2. прибира информации за трансакциите со хартии од вредност,
3. ја следи состојбата на слободните парични средства на Фондот кои можат да бидат инвестирани до нивото одредено во член 7 од овој Правилник,
4. подготвува предлози и мислења за купување и продавање на хартии од вредност и ги доставува до директорот на Фондот,
5. врши соодветна рочна диверзификација на хартиите од вредност, доколку се издаваат државни записи на 3, 6 и 12 месеци,
6. врши потребни административни работи според пропишаните термински процедури за соработката со одредени служби во банките-посредници по основ на купување и продавање на хартии од вредност,

7. врши контрола на применените средства од страна на банките по основ на достасаните хартии од вредност,
8. врши контрола на наплатената камата по основ на извршените инвестирања во хартии од вредност,
9. ја следи евиденцијата на хартиите од вредност во сопственост на Фондот кај Централниот депозитар на хартии од вредност,
10. прави разни анализи на инвестиционото портфолио на Фондот,
11. ги следи законските прописи во врска со купување и продавање на хартии од вредност, посебно за државите хартии од вредност,
12. на почетокот на секој месец доставува до директорот на Фондот писмена информација за поединечните инвестициони пласмани реализирани во текот на изминатиот месец и состојбата на инвестиционото портфолио на крајот на секој месец.

Член 14

Инвестирањето на средствата се врши преку сметката на Фондот во Народна банка на Република Северна Македонија.

**5. Информирање**

Член 15

Информација за инвестирањето на средствата на Фондот е дел од содржината на Годишниот извештај за работењето на Фондот.

**6. Завршни одредби**

Член 16

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за политиката на инвестирање на средствата на Фондот за осигурување на депозити, донесен од страна на Управниот одбор на 09.03.2015 година со архивски број 02-144/1.

Член 17

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.

Претседател на Управен одбор
Сузана Пенева